# ANALYSIS OF THE ECONOMIC ASPECTS OF FOREIGN DIRECT INVESTMENT

**Marina Blazhekovikj Toshevski**
St. Kliment Ohridski University – Bitola, R. Macedonia marina.blazekovic@yahoo.com
**Bardhyl Tushi**
Ministry of education and science, R.Macedonia btushi@gmail.com

**Abstract:** Each country strives to provide greater economic development of the domestic economy and a higher standard for its citizens. One of the most commonly used ways to increase economic growth and gross domestic product are foreign direct investment. Countries compete each other to become more attractive for foreign investors. The domestic legislation is being reformed, administrative barriers are abolished, taxes are reduced, special benefits are offered, companies are released from some costs, subsidies are granted. Foreign direct investment is one of the main factors of economic development that can have positive implications on employment and GDP growth. They also provide easy transfer of knowledge, managerial skills, marketing strategies, transfer of new technologies, increased exports.

Foreign direct investment attracts much attention and interest in all countries of the world. Each country is committed to promoting and attracting foreign direct investment for their contribution to the economy. Western Balkan countries are making great efforts to attract foreign investors to enable capital inflows, stimulating economic growth and development, restoring obsolete technology, acquiring new knowledge of management, etc. If the question set from where come the investors in this region, many analyzes suggest that the most common investors are the countries of Europe and the Member States of the European Union. The reasons lie first of all in the favorable geographic location where these countries are located, the cheap labor force, as well as proximity that reduces transport costs.

Therefore, this paper analyzes the economic aspects of foreign direct investment in one country.

**Keywords:** foreign direct investment, economic aspects, economic growth.

# АНАЛИЗА НА ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

**Марина Блажековиќ Тошевски**
Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Р. Македонија marina.blazekovic@yahoo.com
**Бардуљ Туши**
Министерство за образование и наука, Р. Македонија btushi@gmail.com

**Резиме:** Секоја земја се стреми да обезбеди поголем економски развој на домашната економија и повисок стандард за своите граѓани. Еден од најчесто користените начини за зголемување на економскиот раст и бруто-домашниот производ се странските директни инвестиции. Земјите се натпреваруваат едни со други за да станат поатрактивни за странските инвеститори. Домашното законодавство се реформира, административните бариери се укинуваат, даноците се намалуваат, се нудат посебни поволности, компаниите се ослободуваат од некои трошоци, субвенциите се доделуваат. Странските директни инвестиции се еден од главните фактори на економскиот развој кои можат да имаат позитивни импликации врз вработеноста и растот на БДП. Тие исто така овозможуваат лесен трансфер на знаења, менаџерски вештини, маркетинг стратегии, трансфер на нови технологии, зголемен извоз.

Странските директни инвестиции привлекуваат големо внимание и заинтересираност во сите земји во светот. Секоја земја се залага за промовирање и привлекување на странски директни инвестиции заради нивниот придонес во економијата. Земјите од Западен Балкан вложуваат големи напори за привлекување на странски инвеститори што ќе овозможат прилив на капитал, поттикнување на економскиот раст и развој, обновување на застарената технологија,стекнување на нови знаења на менаџмент и др. Ако се постави прашањето од каде доаѓаат инвеститорите во овој регион, многу анализи упатуваат на тоа дека најчести инвеститори се земјите од Европа и земјите членки од Европска Унија. Причините лежат пред се, во поволната географска положба каде што се лоцирани овие земји, евтината работна сила на инвеститорите, како и близината што ги намалува транспортните трошоци.

Затоа, во овој труд е направена анализа на економските аспекти на странските директни инвестиции во една земја.

**Клучни зборови**: странски директни инвестиции, економски аспекти, економски раст.

## 1. ВОВЕД

Странските директни инвестиции привлекуваат големо внимание и заинтересираност во сите земји во светот. Секоја земја се залага за промовирање и привлекување на странски директни инвестиции заради нивниот придонес во економијата. Многу земји нудат поволни даноци, финансиски привилегии и други услови за привлекување странски директни инвестиции. Улогата на катализатор на економскиот раст на земјите доаѓа до израз преку користа од странските директни инвестиции кои што не се лимитирани само на подобра употреба на ресурсите на земјата, туку и на подобрување на технологијата, засилена конкурентност и подобрени перформанси на локалните компании, зголемен извоз односно севкупно забрзување на економскиот раст. Покрај трансферот на технологијата, преку странските директни инвестиции се пренесуваат менаџерски вештини, се воведуваат иновации и се промовира интеграција во меѓународната трговија. Исто така, преку странските директни инвестиции се овозможува специјализација на работните места, отворање на нови работни места и обука на вработените што доведува до зголемување на продуктивноста. Уште повеке, СДИ се преферирaн метод за финансирање на дефицитот на тековната сметка особено кога дефицитот е голем и неодржлив.

Странските директни инвестиции претставуваат најбрзорастечка форма на меѓународното движење на капитал. Динамиката на нивниот пораст е далеку поголема и од динамиката на пораст на светскиот извоз и увоз.

## 2. ЕФЕКТИ ОД СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

СДИ инволвираат трансфер на финансиски капитал, технологија и други способности и вештини како што се менаџерските, маркетинг, организациските и други вештини. Овај процес истотака ги зголемува трошоците и корисностите за земјите што се вклучени т.е земјата што инвестира и земјата домаќин (земјата корисник на СДИ), иако не е сосема јасно кои трошоци се јавуваат и кои корисности ги уживаат двете земји.

***Табела 1. Странски директни инвестиции на Балканот (2005-2015)***[136]

| | Outward FDI | | | | | | | Inward FDI | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2005 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2005 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| EU (¹) | 239 880 | 303 356 | 470 121 | 317 419 | 581 394 | 96 071 | : | 129 714 | 224 494 | 424 723 | 309 762 | 620 474 | 118 944 | : |
| Montenegro (²) | 4 | 22 | 12 | 21 | 13 | 21 | 11 | 403 | 574 | 401 | 482 | 337 | 375 | 630 |
| The former Yugoslav Republic of Macedonia (³) | 2 | 4 | 0 | -20 | 23 | 8 | -14 | 77 | 160 | 344 | 111 | 252 | 205 | 157 |
| Albania (²) | 3 | 5 | 21 | 18 | 22 | 58 | 72 | 213 | 793 | 630 | 666 | 945 | 869 | 890 |
| Serbia (⁴) | 18 | 143 | 122 | 42 | 10 | 264 | 310 | 1 268 | 1 003 | 1 949 | 284 | 779 | 1 500 | 2 114 |
| Turkey | 855 | 1 118 | 1 703 | 3 195 | 2 731 | 5 304 | 4 591 | 8 063 | 6 864 | 11 625 | 10 339 | 9 325 | 9 426 | 15 233 |
| Bosnia and Herzegovina (⁵) | 0 | 59 | -4 | 46 | 64 | 6 | 43 | 282 | 331 | 340 | 305 | 239 | 392 | 264 |
| Kosovo* (³) | 0 | 37 | 5 | 16 | 30 | 27 | 37 | 108 | 369 | 392 | 229 | 280 | 151 | 324 |

(*) This designation is without prejudice to positions on status, and is in line with UNSCR 1244 and the ICJ Opinion on the Kosovo Declaration of Independence.

(¹) 2005: EU-27 and extra EU-27 flows. 2010–2014: EU-28 and extra EU-28 flows. 2013 and 2014: based on the 6th edition of the IMF's balance of payments manual.
(²) 2013–2015: based on the 6th edition of the IMF's balance of payments manual.
(³) Based on the 6th edition of the IMF's balance of payments manual.
(⁴) 2014 and 2015: based on the 6th edition of the IMF's balance of payments manual.
(⁵) 2010–2015: based on the 6th edition of the IMF's balance of payments manual.

*Source:* Eurostat (online data codes: bop_fdi_main, bop_fdi6_flow and cpc_ecbop)

### 2.1. ЕФЕКТИ ОД ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИОТ КАПИТАЛ

Земјите во развој најчесто се соочуваат со проблемот на недоволна аккумулација, што треба да претставува акцелератор на развојниот процес. Во услови на постоење на недоволни домашни инвестиции и недоволна домашна акумулација за да одговорат на постојните инвестициски потреби во земјите во развој, СДИ се јавуваат како клучен фактор за нивниот економски раст. Мултинационалните компании се способни да мобилизираат финансиски ресурси од најразлични извори. Овие фондови можеби се расположливи од внатрешните извори на компаниите, главно поради нивната репутација. Оттука,на многу МНК полесно им е да позајмат пари од пазарот на капитал, одколку од компаниите од земјата домаќин. Своите активности ги финансираат преку внатрешни или надворешни ресурси. Внатрешни ресурси,пред сè профитите што не се

136 http://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/images/b/b6/Foreign_direct_investment_%28FDI%29_flows%2C_2005%E2%80%932015_%28million_EUR%29.png

дистрибуирани како дивиденди,туку се задржани и реинвестирани. Надворешните ресурси се зголемуваат преку нивните акции и обврзници или тие користат кредити од банките. СДИ движења вклучуваат само дел од финансирањето на странските филијали во земјата домаќин,што потекнуваат од одделна матична компанија,односно од нејзините задржани заработувачки.

**2.2. ЕФЕКТИ ОД СДИ ВРЗ АУТПУТОТ И РАСТОТ**

Еден од најзначајните аспекти на СДИ е нивниот ефект врз аутпутот,односно растот во земјата домаќин. Овој ефект, повеќе е значаен за земјите во развој, каде што внатрешните инвестиции се третираат како средство за зајакнување на економскиот развој. За да се реализира ефектот на СДИ врз аутпутот неопходен услов е зголемувањето на финансискиот капитал на земјата домаќин, како резултат на инвестирањето или во случај на превземање,и поефикасно искористување на постојните ресурси. Ефектот на аутпутот ке биде помал,доколку СДИ се јават во форма на превземање. Оттука, треба да се нагаласи дека акумулацијата на капиталот претставува движечка сила за побрз економски развој. Земјите во развој, најчесто се соочуваат со проблемот на недоволна акумулација за да одговорат на нивните инвестициски потреби. Дополнителната акумулација од СДИ ќе ја зголеми домашната заштеда, а со тоа и стапката на инвестирање во земјата – домаќин, што ке се одрази врз зголемувањето на производството на производи и услуги, т.е ќе се создаде основа на користење нови технологии, а со тоа ке се зголеми стапката на раст на БДП во земјата домаќон. Според тоа, СДИ со своето влијание врз акумулацијата на капиталот, директно влијаат врз економскиот равој на земјата домаќин.

**2.3. ЕФЕКТОТ НА СДИ ВРЗ ВРАБОТЕНОСТ**

Ефектите на СДИ врз вработувањето во земјата домаќин можат да бидат директни или индиректни. Директен ефект се јавува кога ТНК основаат свои сопствени капацитети во земјата домаќин или инвестиција “GREEN FIELD” и вработуваат извесен број од локалното население во своите супсидијари. ТНК, истотака, можат да предизвикаат вработување во компаниите на нивните снабдувачи, потоа во домашните фирми со кои што соработуваат или во странските субсидијари на други ТНК, што се нарекуваат индиректни ефекти. Значи СДИ генерираат вработувања во земјата домаќин,и тоа директно или индиректно. СДИ креираат нови работни места во земјата домаќин, што инаку не би биле создадени. Оттука може да се констатира дека сите видови СДИ инволвираат вработувања во земјата домаќин.

**2.4. ЕФЕКТОТ НА СДИ ВРЗ ПЛАТНИОТ БИЛАНС**

Ефектот на СДИ врз платниот биланс е позначаен во земјите во развој, отколку за развиените земји. Генерално СДИ често се одговорни за својот ефект врз билансот на плаќање, на пример:кога се јавуваат СДИ,тогаш земјата што инвестира веднаш се соочува со дефицит, додека земјата корисник на СДИ се соочува со мал и постојан дефицит, како резултат на репатријацијата на профитот. Но, изгледа дека профитабилниот проект на СДИ со репатриран профит во странска валута задолжително резултира во поголем одлив на платниот биланс, отколку сличен проект финансиран локално. Ефектите на СДИ врз платниот биланс можат да бидат директни и индиректни. Имено[137]:

1.Директните ефекти на СДИ врз платниот биланс на одделна земја домаќин се манифестираат преку девизниот биланс на компанијата во која што е вложен капиталот. Ова дејство може да биде изразено во вид на однос (прилив /одлив) или разлика (прилив/одлив), што укажува на нето дејството.

2.Индиректниот ефект на СДИ врз билансот на плаќање,што е дел од вкупното влијание на СДИ врз платниот биланс во одделна земја корисник на СДИ, обично тешко е мерлив, но може да биде многу значаен. Имено странската компанија поволно влијае ако произведува производи што инаку земјата домаќин треба да ги увезува. Значи,странската компанија го супституира увозот за одделни производи што ги произведува во земјата домаќин. На тој начин се остварува девизна заштеда.

**2.5. ЕФЕКТОТ НА СДИ ВРЗ КОНКУРЕНЦИЈАТА**

СДИ можат да влијаат врз подобрувањето на конкуренцијата во земјата домаќин. Влезот на СДИ во одделна индустрија во земјата домаќин има ефект врз структурата на индустријата во која што се насочени, како и врз зголемувањето на конкурентните сили, односно врз монополистичките или олигополистичките елементи во економијата –домаќин[138]**.** Генерално,СДИ влијаат позитивно врз пазарната структура во земјата

---

[137] Бабич, Б. Странскиот приватен капитал и развојот на неразвиените земји. Институт за меѓународна политика и стопанство. Белград: 1982, стр. 142

[138] Кикерова, Ирена. Странските директни инвестиции во земјите во транзиција: со посебен осврт на состојбите во Република Македонија. Економски факултет, Прилеп: 1998, стр. 87

домаќин. Кога МНК формира супсидијар во земјата домаќин, тогаш странскиот супсидијар на локалниот пазар може многу повеќе да ја засили конкурентноста на тој пазар, отколку влезот на домашните фирми на исто ниво. Тоа е така,затоа што СДИ трансферираат технологија, знаење, менаџерски и маркетиншки вештини, организациски способности и сл., вклучувајќи го и повисокото ниво на технолошката ефикасност

## 3. СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Што се однесува на СДИ, РМ презема низа активности како што се даночни олеснувања, субвенционирање,отворање на развојни економски зони и сл. Во Македонија, концептот на специјални економски зони е релативно нов концепт кој заживеа со Законот за слободни економски зони (СЕЗ),односно со концептот за технолошко-индустрискиразвојни зони (ТИРЗ) од 2007 година кога Законот за СЕЗ го заменува Законот за ТИРЗ.

*СЕЗ* се дефинираат како обележана географска област содржана во рамките на националните граници на земјата, каде што деловните правила се различни од оние кои преовладуваат на националната територија. Овие различни правила главно се однесуваат на условите за инвестирање, меѓународната трговија и царина, оданочување, како и регулаторната средина, при што во зоната постои деловно опкружување кое е предвидено да биде поефективно од административена аспект, споредено со другата територија на земјата[139]".

Стимулациите и проектите за привлекување инвестиции и промоција на извозот, се базираат на политики за инвестиции кои освен директни имаат и повеќе индиректни бенефити кои не можат да се квантифицираат, или нивното мерење би било поврзано со повеќе трошоци за прибирање и за анализа на податоците отколку самиот бенефит кој би се добил со нивно прибирање. За секое од овие набројувања на индиректни бенефити, може да се каже дека се добри очекувања, но добро би било да се укаже и на некои од предизвиците кои прават реализацијата на овие очекувања во Македонија да биде скромна во најдобар случај.

***Табела 2. Директни и индиректни бенефити од СДИ***[140]

| Индиректни бенефити | Предизвици за реализација на овие индиректни бенефити |
|---|---|
| 1. Позитивни екстерналии во форма на пренесување знаење, нови квалификации и позитивно влијание врз други компании, вклучувајќи ги и домашните компании; | 1. Важните функции (продажба, истражување и развој, маркетинг) со повисока додадена вредност остануваат кај мајката компанија со ограничен пренос во Македонија.<br>Според извештајот на ММФ во однос на екстерналии од овие зони, се укажува дека извозот е главно базиран на увоз и анегдотски докази, укажуваат на лимитирани прелевања на домашните добавувачи делумно поради нивната неможност да ги исполнат техничките и безбедностните барања за извоз во ЕУ.<br>Индуструските и зелените зони кои треба да оперираат во согласност со Законот за индустриски зелени зони, кои треба да обезбедат деловни врски и интегрирање на субјектите од ТИРЗ со домашната економија, не заживеаја, а сме во очекување на нов Закон за индустриски зелени зони; |
| 2. Воведување нови бизнис сектори кои имаат ефект како пилот проекти, а по чие искуство можат да привлечат други компании, односно ефект на мултипликатор; | 2. Сѐ уште сме во очекување на ефектите од поголем обем. Сепак, заминувањето на една компанија токму по 10 години кога истекуваат субвенционираните услови, дава индиции за тоа дека овие инвестиции не се со одржлив карактер; |

[139] Thomas Farole, Gokhan Akinci. Special economic zones : progress, emerging challenges, and future directions. The World Bank, Washington: 2011, стр. 3

[140]Домашните наспроти странските директни инвестиции во Република Македонија: политики за поддршка и нивните ефекти. Британски совет - Скопје, Скопје: 2016, стр. 56

| | |
|---|---|
| 3. Пренесување нови технологии во производство, но и во корпоративно владеење како менаџмент, финансии, што пак доведува до унапредување на капацитетите на работна сила за тие технологии да можат подоцна да се пренесат и во други компании, со што домашниот пазар би можел да биде поконкурентен; | 3. Ова може да се очекува со изменетиот Закон за индустриски-зелени зони; |
| 4. Агломерација на бизниси и на кластери во индустријата со што би добиле компаративна предност на национално ниво и хоризонтални и вертикални врски; | 4. Со овозможувањето на овие субјекти да ги пласираат своите производи на домашен пазар се воведува до нелојална конкуренција кон домашните производители и се нарушува концептот на државна помош; |
| 5. Промоција на извозот на национално ниво, бидејќи компаниите во ТИРЗ речиси исклучиво своето производство го пласираат на извозните пазари; | 5. Ова може да се очекува со изменетиот Закон за индустриски-зелени зони; |
| 6. Работа со локални компании кои имаат бенефит преку зголемување на размената како и нивните капацитети; | 6. Ова може да се очекува доколку привлекуваме инвестиции во сектори кои веќе се конкурентни и се препознатливи, со цел поголем нивен развој, како на пример, на прехранбената и на преработувачката индустрија. |
| 7. Потенцијал за брзо преструктуирање на индустриите во регионот и трансформирање на економијата во извозник на стоки и услуги, со што би се интегрирала националната економија во светската економија на поефективен начин, споредено со традиционална трговија. | |

## 4. ЗАКЛУЧОК

Во глобализацијата на светските трговски и финансиски текови, меѓународното движење на капиталот претставува се позначајна форма на економските односи. Тоа денес, достигнува размери кои даваат белег на развојот, не само на одделни земји и региони, туку и на светската економија како целина. Меѓународното движење на капиталот се остварува со значајни структурни промени. Ова пред се, се однесува на зголеменото учество на странските директни вложувања. Вклучувањето во глобализацијата на светските трговски и финансиски текови е од особено значење за земјите во транзиција поради релативно ниското ниво на развиеност, економски проблеми, остварувањето динамичен стопански растеж, унапредувањето на економските односи со странство и др. Со користење на странскиот капитал, не само што се зголемува стапката на инвестициите над домашното штедење, туку истовремено се создаваат услови за увоз на современа опрема и технолошки процеси, ревитализација на постојното стопанство и проширување на производствените потенцијали, што е претпоставка за раст на бруто домашниот производ. Со користење на странските директни инвестиции се зголемува конкурентската способност и извозната ориентација на националната економија. Странските инвестиции се од особено значење за развој на земјите кои се карактеризираат со ниско ниво на економска развиеност, непотолна стопанска структура, мала стапка на домашното штедење, ограничени можности за вложување во странство и сл. Одделни истражувања на развојот на земјите во транзиција укажуваат дека дефицитот во платниот биланс не ќе може да се покрива со користење на странски кредити туку пред се со странски инвестиции кои треба да имаат позначајна улога во развојот.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1]http://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/images/b/b6/Foreign_direct_investment_%28FDI%29_flows%2C_2005%E2%80%932015_%28million_EUR%29.png

[2] Бабич, Б. Странскиот приватен капитал и развојот на неразвиените земји. Институт за меѓународна политика и стопанство. Белград: 1982

[3] Кикерова, Ирена. Странските директни инвестиции во земјите во транзиција: со посебен осврт на состојбите во Република Македонија. Економски факултет, Прилеп: 1998

[4] Thomas Farole, Gokhan Akinci. Special economic zones : progress, emerging challenges, and future directions. The World Bank, Washington: 2011

[5] Домашните наспроти странските директни инвестиции во Република Македонија: политики за поддршка и нивните ефекти. Британски совет - Скопје, Скопје: 2016